Здружение за унапредување на земјоделските задруги „Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги (МАЗЗ)“ и Здружението за бизниси и консултанти „Креација“, во рамки на проектот *„Зајакнување на управувањето на земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор - Конкурентни Земјоделски задруги“*, кој се спроведува со финансиска помош од Европската унија , објавуваат

**„ИДНИНАТА Е ВО ЗАДРУГА“**

**П О В И К бр. 01/КЗЗ/2023**

за доделување грантови на земјоделските задруги

Се повикуваат земјоделските задруги со регистрирано седиште во Североисточниот, Северозападниот, Југозападниот и регионот Преспа, кои сакаат да ја подобрат конкурентноста и позицијата во вредносните синџири на земјоделските производи, да аплицираат на повикот за доделување на грантови за земјоделските задруги.

Земјоделските задруги - (грантисти) ќе бидат поддржани во инвестирањето за зголемување на капацитетите за производство и квалитетот на производите на нивните членови за подобрена конкурентноста, продажба и пазарна позиција.

Висината на одобрениот грант од страна на проектот може да биде до 37.000 евра, односно 2.271.800,00 денари, а предвидени се вкупно 260.050 евра за сите грантови што ќе се одобрат со повикот.

Земјоделските задруги на кои ќе им бидат доделени грантови ќе бидат обучени за подобрување на менаџментот и скратување на позицијата во синџирот на вредности до пазарот, а во периодот на спроведување на активностите ќе бидат менторирани во спроведувањето на грантот и изработка на потребните извештаи.

Критериумите за пријавување и избор на заинтересираните земјоделски задруги се претставени во насоките за повикот и придружните обрасци за пријавување, достапни на www.mazz.mk .

Целосните пријави со придружните документи треба да се испратат/достават до Здружение за унапредување на земјоделските задруги Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги – МАЗЗ, Ул. Јордан Мијалков бр.38/1, 1000 Скопје Работно време 9,00 -16,00 часот (назнака: Конкурентни земјоделски задруги- повик) не подоцна од **10.11.2023 г.**

Резултатите ќе бидат објавени на веб-сајтот www.mazz.mk во текот на ноември 2023 г.

Проектот е финансиран од Европската унија